Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
бр. Nr. 26-1601
29 JUN 2026 20 год/viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 9 став (1) алинеа 7 и член 14 став (12) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25 ) и Предлогот доставен од членот известител **проф. д-р Слаѓана Брсакоска** бр.26-648/3 од 25.06.2026 година, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 25.06.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за одобрување и употреба на учебник по наставниот предмет Физика за VIII одделение во основно образование**

1. СЕ ОДОБРУВА употреба на учебник по наставниот предмет Физика за VIII одделение одделение во основно образование со шифра 26 од Акционерското друштво за издавање учебници и наставни средства ПРОСВЕТНО ДЕЛО Скопје, со авторите: Ламбе Барандовски и Вера Зороска.

2. Жалбата го одлага извршувањето на оваа Одлука. Одлуката е извршна по нејзината конечност.

3. Конечната Одлука да се достави до Државниот просветен инспекторат.

**Образложение**

Врз основа на член 12 став (2) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), Педагошката служба на ден 23.09.2025 година на интернет страницата на Министерството за образование и наука, објави Конкурс за учебници во основно образование бр.26-1056/1 од 23.09.2025 година.

Согласно член 14 став (1) од Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), директорот на Педагошка служба во рок од три дена од завршување на Конкурсот со Решение бр.26-49/33 од 26.01.2026 година формираше Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација.

Комисијата за шифрирање и проверка согласно член 14 став (3) во предвидениот рок од 3 дена од денот на проверката и шифрирањето на пристигнатата документација со допис број 32-3/1 од 28.01.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-49/39 од 28.01.2026 година и допис бр.32-7/1 од 28.01.2026 година заверен во писарницата на министерството со бр.26-99/1 од 28.01.2026 година, шифрираните ракописи со шифра 23, шифра 24, шифра 25 и шифра 26, преку Педагошката служба ги достави до Бирото за развој на образованието и Рецензентската комисија за ракопис за учебник формирана од Националната комисија за учебници.

Педагошката служба со допис бр.26-49/40 од 28.01.2026 година шифрираните ракописи ги достави до Бирото за развој на образованието за Стручно мислење.

Бирото за развој на образованието до Педагошката служба достави четири дописи со стручни мислења за секоја шифра посебно за наставниот предмет **Физика за VIII одделение во основно образование**, и тоа допис бр.09-170/23 од 17.02.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр. 26-49/45 од 18.02.2026 година за ракописот за учебник со шифра 23, допис бр.09-170/24 од 17.02.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр. 26-49/44 од 18.02.2026 година за ракописот за учебник со шифра 24, допис бр.09-170/25 од 17.02.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр. 26-49/43 од 18.02.2026 година за ракописот за учебник со шифра 25 и допис бр.09-170/26 од 17.02.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр. 26-49/42 од 18.02.2026 година за ракописот за учебник со шифра 26. Во сите четири стручни мислења покрај образложениeто на крајот од мислењата е наведено дека за сите четири ракописи се дава позитивно мислење и постапката продолжува.

Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 27.04.2026 година со Решение заведено под архивски број 26-579/1 од 06.05.2026 година, формираше Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописите за учебник по наставниот предмет **Физика за VIII одделение во основно образование.**

На ден 21.05.2026 година Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописите за учебник доставила Стручно мислење бр.26-579/3 во кое е наведено дека за ракописите за учебник со шифра 23 и шифра 25 не ги задоволуваат барањата предвидени со Методологијата за вреднување на учебници. Додека за ракописите за учебник со шифра 24 и шифра 26 е наведено дека делумно ги задоволуваат барањата согласно методологијата за вреднување на учебници и истите треба да се доработат, но на крајот од мислењето Рецензентската комисија едногласно го предлага ракописот за учебник со шифра 26. На ден 05.06.2026 година Рецензентската комисија доставува Рецензија со забелешки со бр.26-579/21 за ракописот за учебник со шифра 26.

Националната комисија за учебници согласно член 9 став (1) алинеа 4 и член 14 став (9) и (10) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) на седницата одржана на 15.05.2026 година донесе Решение заведено под архивски број 26-648/1 од 21.05.2026 година за определување на член известител. Членот известител со допис заведен под архивски број 26-648/2 од 16.06.2026 година на Националната комисија за учебници и предложи да ги прифати извештаите на Бирото за развој на образованието и Рецензентската комисија, ракописите за учебник со шифра 23, шифра 24 и шифра 25 да не ги прифати за учебници, а ракописот за учебник со шифра 26 да го врати на доработка и да го прифати за учебник откако ќе се изврши корекција на забелешките на Рецензентската комисија.

Педагошката служба со допис бр.26-741/1 од 18.06.2026 година се обрати до Комисијата за шифрирање и проверка на пристигнатата документација за доставување на Записникот од шифрирање и проверка по објавениот Конкурс 26-1056/1 од 23.09.2025 со напомена истиот да биде делумно јавно достапен односно да е транспарентен во делот на поднесените ракописи за кои ќе се врши јавно отварање.

Комисијата за шифрирање и проверка на пристигнатата документација со допис бр.32-88/2 од 18.06.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-741/2 од 18.06.2026 година до Педагошката служба го доставила Записникот бр.32-2/1 од 28.01.2026 година со напомена дека во записникот податоците за ракописите за учебници чии шифри не се отвораат се покриени и не се јавно достапни.

По добивање на Записникот бр.32-2/1 од 28.01.2026 година Педагошката служба на веб страницата на Министерството за образование и наука објавила Известување со бр.26-741/3 од 18.06.2026 година со прилог на Записникот во кое е наведено дека за наставниот предмет **Физика за VIII одделение во основно образование** од страна на Националната комисија за учебници за основно и средно образование донесена е одлука да биде одобрен ракописот за учебник со шифра 26, но откако ќе се внесат забелешките од Рецензентската комисија.

По јавното и транспарентно објавување на Записникот бр.32-2/1 од 28.01.2026 година на интернет страницата и увидот во истиот се констатира дека:

За ракописот за учебник **со шифра 23** се јавува Друштвото за графички услуги и трговија АРС ЛАМИНА ДОО Скопје, со авторите: Никола Делевски, Мирјана Патаракоска и Ристе Попески - Димовски.

За ракописот за учебник **со шифра 24** се јавува Друштвото за образование на деца и возрасни АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ Скопје, со авторите: Оливер Зајков, Зорица Завировска и Габриела Бошковска.

За ракописот за учебник **со шифра 25** се јавува Друштвото за продукција, маркетинг, дизајн, промет и услуги АРБЕРИА-ДЕСИГН ДООЕЛ експорт – импорт Тетово, со авторите: Мимоза Ристова и Несет Изаири.

За ракописот за учебник **со шифра 26** се јавува Акционерското друштво за издавање учебници и наставни средства ПРОСВЕТНО ДЕЛО Скопје, со авторите: Ламбе Барандовски и Вера Зороска.

Педагошка служба со допис број 26-579/22 од 19.06.2026 година до издавачот ги достави забелешките од рецензентската комисија, со цел да се направат посочените корекции и истиот да може да ја продолжи процедурата за издавање и употреба.

Издавачот со допис заверен во Педагошката служба со број 26-579/23 од 22.06.2026 година до Педагошка служба достави коригиран ракопис за учебник по наставниот предмет **Физика за VIII одделение во основно образование**.

На ден 22.06.2026 година Педагошката служба, по електронски пат го достави коригираниот ракопис за учебник до членовите на Рецензентската комисија.

Рецензентската комисија со допис број 26-579/24 од 25.06.2026 година достави мислење во кое е наведено дека е постапено по укажаните забелешки и сугестии со што ракописот за учебник со шифра 26 може да продолжи со понатамошна постапка за издавање, печатење и употреба.

На седницата одржана на 25.06.2026 година, членот известител со допис заведен под архивски бр.26-438/3 од 25.06.2026 година на Националната комисија за учебници и предложи ракописот за учебник по наставниот предмет **Физика за VIII одделение во основно образование, со шифра 26** да го прифати за учебник и да ја продолжи процедурата за издавање и употреба на истиот.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 25.06.2026 година едногласно го прифати предлогот на известителот и одлучи како во изреката на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука, во рок од 15 дена од денот на приемот, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА,
Проф.д-р Ташко Ризов

Tashko Rizov

Digitally signed by Tashko Rizov
DN: c=MK, serialNumber=275355, sn=Rizov, givenName=Tashko, cn=Tashko Rizov
Date: 2026.06.28 19:18:24 +02'00'

Доставено до:
- Писарница на министерството
- Издавачи